УДК: 94:338.246.025.88(497.7)"1946/1948"

Гордана Плетварска-Трајчевска
магистер по историски науки
gpletvarska76@gmail.com

# НАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА ПРИВАТНАТА СОПСТВЕНОСТ ВО НРМ (1946-1948)
## (ОДДЕЛНИ МОМЕНТИ И ОСОБЕНОСТИ)

*Апстракт.* – Трудот има за цел да расветли одделни моменти и особености во спроведувањето на национализацијата на приватната сопственост во НРМ во периодот 1946–1948 година, со посебен акцент на законската регулатива според која била вршена национализацијата, спроведувањето на процесот, обемот на национализирани добра како и нејзиното прифаќање од населението.

*Клучни зборови.* – приватна сопственост, национализација, НР Македонија, индустрија, планско стопанство, народни одбори, Петгодишен план за развој на народното стопанство.

### НАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА КРУПНАТА ИНДУСТРИЈА, РУДАРСТВО, СОООБРАЌАЈ И ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И СОЗДАВАЊЕ НА ПРЕТПОСТАВКИ ЗА ПРЕМИН НА ПЛАНСКО СТОПАНСТВО

Експропријацијата на приватната сопственост во Демократска Федеративна Југославија / Федеративна Народна Република Југославија, а во тие рамки и на Демократска Федеративна Македонија / Народна Република Македонија до крајот на 1946 година била вршена врз основа на кривичното законодавство, преку казнување на соработниците на окупаторот и „народните непријатели“ и преку еден спектар на различни економско-политички мерки (конфискација, секвестрација, одземање на воената добивка, казнување на шпекулантите, црноберзијанците, на-

родните непријатели, замена на парите).[1] Со овие мерки бил создаден почетниот фонд на државна сопственост.

Но државната сопственост, сама по себе, не била доволен услов за воспоставување и одржување на општествената моќ на Партијата. За Партијата освојувањето на економската моќ било од пресудно значење за стабилизација, одржување и функционирање на политичката власт, бидејќи воспоставувањето контрола врз процесот на општествена репродукција ѝ овозможувало на партиската држава да оствари контрола над целината на општествените односи и процеси и со тоа да ја зацврсти својата власт. Само со потполна контрола над сите економски текови во земјата КПЈ можела да оствари апсолутизација на својата општествена моќ и да ги насочува промените во проектираната насока. Оттука овладувањето и контролата над стопанството за Партијата биле од суштествено значење. Од почетокот на 1946 година, откако ја зацврстила политичката власт, активноста на КПЈ се повеќе била насочена кон стопански проблеми. Партиските раководители во своите јавни настапи се повеќе ја истакнувале зависноста меѓу карактерот на власта и карактерот на стопанството и потребата од негово усогласување со променетиот карактер на власта. При тоа тие укажувале дека „народната власт“ изискува и „народно стопанство“ засновано врз планско производство и распределба, индустријализација и електрификација.[2]

---

[1] Ваквиот специфичен начин на експропријација партиско-државните раководители во своите настапи и изјави го објаснувале како една од специфичностите на југословенската револуција. Постепената промена на сопственичките односи „според процената за созреаност на условите“ била во склад со „народно-демократската тактика“ на тоа време, која била мотивирана како од надворешните така и од внатрешните политички услови. Во согласност со оваа тактика „револуционерните општествени промени“ од страна на комунистите не биле спроведувани веднаш по радикален пат, туку преку структурална трансформација на постоечките општествени, а со тоа и сопственички односи; *в.* Obradović 1995, 58.

[2] Тоа во своите излагања го потенцирал Борис Кидрич, претседателот на Стопанскиот совет од средината на 1946 до крајот на 1952 година: „Карактерот на стопанството во процесот на неговиот развиток не може да се оддели од карактерот на власта. Прашањето за карактерот на стопанскиот и економско-општествениот систем насекаде, во секоја земја и во секое време, е најтесно поврзан со прашањето за карактерот на власта... јасно е дека со општествено-политичките промени во нашата земја нужно мора да започне процес на менување на карактерот на нашето стопанство. Би било потполно невозможно подолго време да постои спротивност меѓу карактерот на власта и карактерот на нашето стопанство, односно општиот развој на нашето стопанство да заостанува зад развојот на народната власт. Во тој случај би се поставила алтернатива: или би морало да се менува карактерот на нашето стопан-

Ваквите промени на карактерот на стопанството биле правно санкционирани во Уставот на ФНРЈ од 31. I. 1946, кој ја озаконил државната контрола над стопанството[3] и дал основа за донесување на редица закони, уредби и одлуки со кои требало да се овозможи промена на капиталистичките форми и методи на стопанисување.[4]

Нужен и најважен услов за премин кон планско производство било спроведување на национализацијата, која партиското раководство неколкупати ја одложувало,[5] а на која почнало да се работи со засилен

---

ство, или ако би се дозволило таквата спротивност да постои подолго време, новата власт би пропаднала." *B.* Кидрич 1948, 23–38.

[3] Во член 15 од Уставот се потенцира дека државата е таа која „дава правец на стопанскиот живот и развиток по пат на општ стопански план потпирајки се на државниот и задружниот стопански сектор, а остварувајки општа контрола над приватниот сектор“ (Petranović, Štrbac, I, 2, 118).

[4] Посебно внимание заслужуваат два законски акти донесени во текот на 1946 година: *Законот за општодржавен стопански план и државните органи за планирање од мај 1946* (Sl. list FNRJ 45/1946) и *Основниот закон за државните стопански претпријатија од август 1946 година* (Petranović, Štrbac, I, 2, 208). Со првиот било озаконето државното стопанско планирање и целосната државна контрола врз стопанството, вклучувајќи го и приватниот сектор, била основана Планската комисија и поставени основите за скорешен развој на планското стопанство. Додека со Законот за државните стопански претпријатија стопанството било организирано на хиерархиски принцип во кој најниската инстанца ја претставувало државното претпријатие (од општодржавно, републичко или локално значење) кое било под административно-оперативно раководство на одреден државен орган (земски управи главни и генерални дирекции) кој од своја страна имал највисоки управни овластувања во однос на претпријатијата кои му биле доверени, а бил одговорен пред сојузното или републичкото министерство. Ваквиот начни на организација и раководење на стопанството е основата врз која се темели државниот социјализам.

[5] Национализацијата како облик на експропријација во југословенскиот случај била применета накнадно и како формална мерка. Она што е интересно е дека уште во првобитниот Проект на уставот на Југославија била предвидена национализацијата, но во конечната редакција на текстот била изоставена. Творците на уставот сметале дека во дадениот момент е доволно Уставот да даде само основа за национализацијата зборувајки за експропријација на приватната сопственост на темел на закон со соодветна надокнада. (Petranović, Štrbac, I, 1, 56). Партиско-државното раководство проценило дека национализацијата треба да се одложи до созревање на објективните услови. Всушност се работело за заштита на југословенските интереси на меѓународен план пред претстојната мировна конференција во Париз. И самиот Кардељ подоцна признал дека раководството на револуцијата морало да го „одлага“ спроведувањето на национализацијата поради дејствување на меѓународните фактори.

интензитет во втората половина на 1946 година.[6] Во овој период надлежните инстанци за спроведување на конфискацијата, Сојузната комисија за народна имовина и републичките оделенија за народни имоти се позабрзано работеле на прибирање и средување на податоците од отсеците и референтствата по окрузите за обемот на конфискуваните добра и нивната материјална вредност. До крајот на 1945 година, во југословенски рамки била подржавена 82% од целата индустрија, од што 55% е конфискувано, а 27% ставено под државен секвестар. Под државна управа биле сите модерни претпријатија, а се наоѓале под раководство и надзор на Сојузното министерство за индустрија веќе од мај 1945 година.[7] Со сета сериозност пред државно-партиското раководство останало отворено прашањето за странскиот капитал кој бил ставен под секвестар. За овој проблем расправало Политбирото на ЦК КПЈ на 22 септември 1946 година, при што било решено да продолжат подготовките за овој чин. Пред формалното прогласување на национализацијата на сојузно и републичко ниво била извршена класификација на претпријатијата од општодржавно, републичко, покраинско и локално значење.

Со укази на Президиумот на Народната скупштина на ФНРЈ,[8] и на народните собранија на народните републики[9] биле прогласени претпријатијата од општодржавно и републичко значење. За претпријатија од општодржавно значење биле прогласени 345 претпријатија од повеќе стопански гранки (банкарство, рударство, металургија, металска индустрија, прехрамбена, тутунска, текстилна индустрија, бродоградба), од кои само 11 претпријатија биле од Македонија.[10] Во Македонија за прет-

---

[6] Правната основа за донесување на Законот за национализација е содржана во член 18 на Уставот каде во неколку параграфи се потенцирани намерите на државата за скорешна национализација. Во нив се вели дека „приватната сопственост може да се ограничи или експроприра ако тоа го бара општиот интерес, но само на темел на закон. Со закон ќе се одреди во кои случаи и во која висина ќе се даде надокнада на сопственикот. Под исти услови може со закон да се национализираат поедини стопански гранки или претпријатија ако тоа го бара општиот интерес.“ (Petranović, Štrbac, I, 2, 118).

[7] Obradović 1995, 55; Kidrič 1949, 493.

[8] Sl. list FNRJ 59/1946 (23.VII.1946); Sl. list FNRJ 84/1946 (18.X.1946); Sl. list FNRJ 85/1946 (22.X.1946); Sl. list FNRJ 97/1946 (3.XII.1946)

[9] Сл. весник на НРМ 29/1946 (28.IX.1946); Сл. весник на НРМ 33/1946.

[10] Тоа биле: Државната фабрика за масло од Велес; Државната филатура, Гевгелија; Мијалиштето - рудник за хромна руда, Ѓорче Петров, Скопско; Злетово Мајнс LTD - Кратово; Алатини Мајнс Ltd., Радуша, Скопско; Рудникот за хром Лојане, Кумановско; Државното земјоделско добро Хамзали кај Струмица; Државната фабрика за

пријатија од републичко значење биле прогласени 85 претпријатија од кои: 10 електрични централи; три претпријатија од металската индустрија; 10 претпријатија од текстилната индустрија; седум претпријатија од хемиската индустрија; 12 претпријатија од областа на градежната и дрвна индустрија; 30 претпријатија од прехрамбената индустрија; три вида на трговски стоваришта; две градежни претпријатија; осум претпријатија од областа на земјоделието и шумарството; и по едно претпријатие од областа на културата – „Расфилм“ и биоскоп „Култура“, од здравството – „Унрал“ - Скопје и од сообраќајот – Федерално автомобилно претпријатие „Фап“ - Скопје. Од постоечките податоци за класификација на претпријатијата, може да се констатира дека во овој период и покрај напорите на новата народна власт за обнова на индустријата и нејзино доизградување, македонската индустрија останала во основа преработувачка индустрија која своето производство го засновала врз преработка на домашни суровини: жито, памук, индустриски култури, ориз и дрво. Покрај тоа може да се констатира огромна нерамномерност во распространетоста на претпријатијата на територијата на републиката при што најголемиот број од нив биле концентрирани во главниот град Скопје и во уште неколку поголеми градови – Битола, Прилеп и Велес, додека во одредени региони речиси и да немало индустриски капацитети (на пр. во Малешевијата, Дебарца, Повардариeто).

Прогласувањето на претпријатијата од општодржавно, републичко значење и локално значење претставувало завршница на обемната работа која се одвивала во текот на август и септември на попишување на подржавените и секвестрирани претпријатија, од страна на надлежните министерства. Во текот на август министерствата доставиле извештаи за претпријатијата во нивна надлежност, класифицирајќи ги на претпријатија од републичко и локално значење. Работата се одвивала под раководство на Одделението за народни имоти и со инструкции на сојузната Комисија за народна имовина. За предстојната национализација и нејзината операционализација на теренот, се дискутирало и на состанокот на Организационо-инструкторското оделение на ЦК КПМ од 13 декември 1946 година, на кој меѓу останатите присуствувале и Лазар

---

алкалоиди - Скопје; Реонска дирекција за производство на тутун - Скопје; Фабиката за тутун - Скопје; Фабриката за тутун - Штип. Тоа што само овие 11 претпријатија биле прогласени за претпријатија од општодржавно значење е најдобар показател за степенот на индустриска развиеност на републиката, за нискиот капацитет на индустриското производство според кој индустријата била окарактеризирана како индустрија од провинцијален карактер за задоволување на локалните потреби.

Колишевски и Видое Смилевски- Бато. За жал во записникот од состанокот е забележано само искажувањето на Лазар Колишевски кој најверојатно на овој состанок им ги пренел на присутните инструкциите од партискиот врв во Белград во однос на спроведувањето на национализацијата на теренот. Од неговото искажување се добива впечаток дека се дискутирало не само за актуелната национализација на крупната индустрија туку и за постепени подготовки за нејзино проширување: „Со овој закон за национализација се целеше да се одземат крупните предузеќа. Но со понатамошната национализација стои така. *На теренот значи би требало да се држи на това да национализацијата е завршена* исто е потребно да на теренот по разни форми доидиме до свиденија предвидени во обрасците за национализирањето на големи магацини и трговини во колку ги притежава непријателски елемент. А при национализацијата на куќите треба да сме најопрезни и ги зимаме оние од кои се добива рента – значи поголеми и осредни во колку стопанинот има повеќе.“[11] Посебно остава впечаток инсистирањето на теренот да се држи до тоа дека национализацијата е завршена со што се настојувало да не се предизвика незадоволство кај средните и ситни сопственици.

Она на што сојузното, како и македонското раководство му пристапило со најголема сериозност е идеолошко-политичката поддршка на донесувањето на законот преку печатот и масовните организации. Во печатот опширно се известувало за донесувањето на Законот за национализација, како и за значењето кое го има овој закон за понатамошното изградување на социјалистичката економија, а биле објавувани и кратки осврти за превземањето на фабриките од страна на делегатите на државата како и поздравни телеграми упатени од работниците до државното раководство по повод донесувањето на законот.[12] Органот на НОФ, весникот „Нова Македонија“ во текот на декември речиси во секој број се занимавал со национализацијата. Така уште на 6 декември, со ударен наслов на првата страна се известува за донесувањето на законот при што на неколку страни во целост се пренесени излагањата на Моша Пијаде, Борис Кидрич и Едвард Кардељ при донесувањето на законот во

[11] ДАРСМ ф. 427, кут.3, а.е.22

[12] Она што остава впечаток во сите текстови, репортажи и уводници во печатот, како и во говорите на партиските раководители од овој период, е силното потенцирање на класната компонента на овој закон и придобивките за работничката класа од неговото донесување, инсистирањето законот да се прикаже како остварување на идеалите на НОБ и како чекор напред во развојот и раснењето на револуцијата.

Народната скупштина.[13] Истовремено биле објавени поздравни телеграми на работниците од повеќе претпријатија со кои го поздравувале донесувањето на законот. [14] Во неколку уводници од весникот се брани донесувањето на законот кој е окарактеризиран како „ново мошно оружје на нашиот работен народ во изградбата на среќната иднина", со идеологизирани фрази се укажува дека со неговото донесување работните маси засекогаш се ослободуваат од бездушната експлоатација, се оправдува времето на неговото донесување и неговото значење за понатамошното изградување на социјализмот. Во весникот биле објавени повеќе текстови за тоа како работниците го доживеале донесувањето на законот,[15] нивни изјави во кои говорат за тешката експлоатација во предвоена Југославија и во кои ја поздравуваат национализацијата. Во организација на Народниот фронт на 7 декември во попладневните часови во сите реони на Скопје се одржале поздравни собири на кои било поздравено донесувањето на законот. Покрај тоа во повеќе претпријатија ширум републиката биле одржани конференции на кои се читал говорот на Борис Кидрич и бил разгледуван текстот на законот и од кои биле испратени поздравни телеграми до највисоките органи на новата народна власт. На донесувањето на законот и неговото значење се осврнал и претседателот на Владата на НРМ во својот говор на Првиот проширен пле-

[13] Нова Македонија, год.3, бр.594, Петок 6 декември 1946

[14] „Ние работниците од мелницата 'Труд' во Скопје превземајки ја фабриката во свои раце се заветуваме дека ќе ги вложиме сите сили за доброто на нашата заедничка татковина ФНРЈ" (Нова Македонија, год. 3, бр. 594, петок, 6 декември 1946).

[15] Илустрација на силата на партиската пропаганда и нејзината идеолошка насоченост е и овој дел од текст посветен на национализацијата на фабриката за чорапи „Црвена ѕвезда" од Скопје: „ ... околу еден часот засвире сирената на фабриката за прекинување на работата. Во тој момент секој работник се тргна од унесеноста во работата и помисли зошто свири сирената неколку часој порано. А тоа прекинување на работата беше позив за работниците за радосната вест, да им се соопшти она што тие така долго го сакаа и се бореа. Салата е полна со работници од сите одделенија. Директорот на фабриката Павле Ефремовски вели: другари и другарки, од овој ден фабриката во која што ние работиме станує народна. Во овие часови во Народната скупштина се донесе Закон за национализација на приватните претпријатија, со што и ова фабрика во која што ние работиме стануе наша, на целиот народ... Радосни се сите работници од фабриката, а нарочно значајни се овие часови за постарите работници, кои што паметат кога седеаа по фабриките газдите... Моето срце ретко се радуе – вели старата работничка Ѓурѓа Исајлова, кетлерка, но сега пред мислата дека од нашиот труд ќе се ѕидаат нови фабрики и работилници, а нема како порано да се богатат газдите, на мојата радост нема крај. Колку убаво звучи „наша фабрика". (Нова Македонија, год. 3, бр. 595, сабота, 7 декември 1946).

нум на Главниот одбор на единствените синдикати на Македонија, само неколку дена по донесувањето на законот на 9 декември.[16] На истиот состанок говорел и Страхил Гигов, кој во стопанскиот реферат кој го прочитал ги потенцирал резултатите постигнати во обновата на земјата при што истакнал дека битката на економско поле сè уште не е добиена. Во однос на Законот за национализација истакнал дека тој говори за моќта и силата на народната држава и за виталната способност на државниот сектор кој може да ја прими организацијата на тие многубројни претпријатија. Во настапите на двајцата партиско-државни раководители евидентно е настојувањето да се прикаже донесувањето на овој закон како еден голем успех на власта, како идеално решение за излез од долгогодишната стопанска заостанатост на земјата и продолжување на револуцијата од политичката во економската сфера. Со активностите кои ги преземала, Партијата настојувала спроведувањето на законот да се изврши на најдобар можен начин и да се оневозможи појавата на незадоволството кај народот, особено меѓу средните слоеви, занаетчиите и селаните. Партиското раководство настојувало да ја убеди јавноста дека национализацијата е завршена, дека строго е определен нејзиниот обем и дека се опфатени само крупните средства за производство. Ваквата пропаганда имала за цел да ги надмине обвинувањата од одредени категории на население, кои обвинувале за надминување на законски утврдениот обем на национализацијата, чија цел била уништување на приватниот сектор.

Спроведувањето на законот и неговото прифаќање од поширокиот слој на население било будно следено од партиските инстанци. Како точка на дневен ред на Организационо-инструкторското оделение национализацијата била разгледувана и на 6 јануари 1947 година.[17] И на

---

[16] Говорејќи за задачите кои се поставуваат пред работничката класа во Македонија во спроведувањето на индустријализацијата и електрификацијата на земјата, тој го нагласил и значењето на овој закон за работниците: „благодарејки на тој Закон ние се справивме со оној дел од приватниот сектор и иностраниот капитал кој што со години и десетици години на ред вршеше најбезобзирна експлоатација на нашата работничка класа и на нашите национални богатства", потенцирајќи дека тоа претставува крупен чекор во изградувањето на „еден нов друштвен поредок, на кој ќе му биде туѓа експлоатацијата на човекот од човека". Исто така Колишевски не заборавил да ја потенцира цврстата решеност на народната власт да ги совлада сите пречки што стојат на патот на изградувањето на нови производни односи и нов плански систем на производство, за што било неопходно донесувањето на овој закон. (Колишевски 1946).

[17] ДАРСМ ф.427, кут. 3, а.е.9

овој состанок присуствувале видни партиски раководители меѓу кои Л.Колишевски, Ц.Узуновски, Н.Минчев и В.Смилевски. За жал во записникот од овој состанок изоставена е дискусијата која се водела по оваа точка и можеме само да претпоставуваме околу што се дисутирало. Најверојатно меѓу другото било дискутирано за спроведувањето на национализацијата на теренот, нејзиното прифаќање од населението и пројавените слабости на надлежните органи.[18]

Во законот за национализација на приватните стопански претпријатија прецизно се определени предметот и обемот на национализираниот имот, начинот (постапката) на нејзино спроведување како и начинот на исплата на предвидената надокнада на поранешните сопственици. Во однос на постапката било предвидено на денот на донесувањето на Законот таа да биде извршена речиси истовремено во сите претпријатија со што се настојувало да се избегне појавата на незадоволство кај одреден дел од населението. Превземањето од сопствениците или управите требало да го извршат министреставата на владата на ФНРЈ или министерствата на републичките влади, непосредно или преку други органи кои тие ќе ги одредат.[19] Во Македонија превземањето на претпријатијата било извршено од лица ополномоштени од страна на Претседателството на народната влада на НРМ и комисии формирани за таа цел. Покрај ополномоштеникот, комисијата во својот состав имала уште 5 членови од кои 1 јавен обвинител, додека останатите биле членови на ГНО (Градски народноослободителен одбор). Согласно со законската одредба за попишување на целокупниот имот на претпријатието при примопредавањето, биле изработувани записници за примопредавање од страна на комисиите.[20] Во повеќето случаи ваквото примопредавање

[18] Дека имало и такви случаи потврдува и „Нова Македонија", која на своите страници објавила и неколку случаи каде дошло до неправилно толкување на законот. Особено е потенциран случајот во битолската околија, каде некои луѓе од Околискиот НОО без знаење и дозвола на Окружниот НОО извршиле национализација на 3 селски мелници кои според капацитетот не претставувале индустриски претпријатија на кои се однесува законот. При тоа во весникот посебно е потенцирано дека ваквите постапки предизвикуваат недоумие кај еден дел од приватните сопственици на вакви претпријатија и создаваат терен за политичка шпекулација од страна на народните непријатели, кои сакаат законот да го прикажат како уништување на приватниот сектор воопшто. (Нова Македонија год. 3, бр.604, среда, 18 декември 1946)

[19] Sl. list FNRJ 98/1946 (6.XII.1946).

[20] Во документацијата на Министерството за индустрија и рударство, која инаку е мошне скромна, се наоѓаат записници од примопредавањето на неколку индустриски

било само чиста формалност ако се има предвид дека повеќе претпријатија во текот на 1945 и 1946 година по различен основ (секвестар, државна управа или конфискација) поминале во државна сопственост и како такви биле управувани од делегати поставени од соодветното министерство или надлежната земска управа на народни имоти, подоцна одделение за народни имоти. Покрај тоа и во оние претпријатија кои биле во приватна сопственост и биле управувани од нивните сопственици или управи од страна на Поверенството за индустрија биле поставени делегати „ (...) заради усогласување на интересите на државата со интересите на приватните сопственици, како и контрола од страна на народната власт."[21] И покрај тоа што во законот е детално пропишана постапката на национализација, при нејзиното спроведување биле направени бројни прекршувања, како неизработување на записници за примопредавање, недоставување на решенија за национализација на поранешните сопственици, непопишување на целокупниот имот за да се намали вредноста на истиот при проценката и да се намали износот на надокнадата и сл. Заради поголема јасност при конкретната реализација на законските одредби биле донесени низа придружни прописи (наредби, уредби и решенија) кои се однесувале на процесот на национализација и поблиску го определувале.[22] Посебно интересни се одредбите на законот кои се однесуваат на надокнадата, кои имале повеќе декларативен отколку облигаторен карактер. Имено, во одредбите на законот било нагласено дека надокнадата се дава во вредност на чистата актива на национализираниот имот на претпријатието на денот на преземањето од страна на

претпријатија. Таков е записникот од прмопредавањето на кожарската фабрика на Браќа Мишковски од Тетово. Примопредавањето било извршено меѓу браќата Мишковски од една страна и Никола Јовановски, кондурациски работник на кондурациската производителна кооперација „Ишка" од друга страна како ополномоштеник на владата. Покрај него присуствувала и петчлена комисија. Во записникот од примопредавањето биле попишани машините, алатите, инвентарот, материјалите (хемикалии, бои) и суровините (кожа, волна) со кои располагала фабриката. (ДАРСМ, Ф. Министерство за индустрија и рударство).

[21] Гигов 1985, 164.

[22] Дел од тие прописи се: Наредба за забрана на спојување на национализираните претпријатија со државни стопански претпријатија (Sl. list FNRJ 102/1946); Наредба за пренесување на постројките и спојување на национализираните претпријатија со државните стопански претпријатија и за претходен попис и процена на имотот на овие национализирани претпријатија (Sl. list FNRJ 17/1947 (27.VII.1947); Уредба за постапката за процена на вредноста и утврдување на накнадата на национализираниот имот (Sl. list FNRJ 98/1947 (3.X.1947).

државата и дека надокнадата се дава во државни обврзници кои гласат на доносителот. Законот предвидувал за работењето со обврзниците и за нивната исплата да се основаат *сојузни и републички фондови за национализиран имот* како како самостојни правни лица за чии обврски гарантирала државата. Законот предвидувал надокнада на сопствениците на национализираниот имот до вредноста на чистата актива на овој имот на денот на неговото преземање од страна на државата. Се предвидувало надоместокот да се дава во државни обврзници што гласеле на доносителот, но Владата на ФНРЈ можела да определи во одделни случаи надоместок во готови пари, во целост или делумно, одеднаш или во рати. За работењето со обврзниците и за нивна исплата се предвидувало основање на *сојузни и републички фондови за национализиран имот* како самостојни правни лица за чии обврски гарантирала државата.[23] Иако Владата на ФНРЈ, а подоцна и Сојузниот извршен совет донеле повеќе прописи (решенија за исплата на аконтација на поранешните сопственици на национализирани стопански претпријатија) кои ги третираат проблемите во ова област, во практиката се одело кон тоа ова прашање да остане недоразрешено.[24]

Со донесувањето на Законот за национализација на 5 декември 1946 година од страна на Народната скупштина на ФНРЈ, само формално била санкционирана веќе постоечката состојба во стопанството.[25] Со законот била извршена национализација на приватните претпријатија од општодржавно и републичко значење во 42 гранки на стопанството. Стопроцентно бил ликвидиран приватниот сектор во индустријата од сојузно и републичко значење, во банкарството, во рударството, во сообраќајот, и трговијата на големо, додека во локалната индустрија во државни раце преминале вкупно 70% и 90% од трговијата на мало.[26] Со овој акт било ликвидирано и формално учеството на странскиот капитал во југословенското стопанство кој пред војната учествувал со 49,5% во вкупниот капитал. Од колкаво значење била извршената национализација за понатамошното изградување на социјалистичките општествени односи обраложил министерот за индустрија Борис Кидрич во својот говор при изгласувањето на законот, а потврдува и Едвард Кардељ говорејќи и бранејќи ја национализацијата пред делегатите на Петиот конгрес на КПЈ:

---

[23] Sl. list FNRJ 98/1946 (6.XII.1946).

[24] Уредба за постапката за процена на вредноста и утврдување на накнадата за национализиран имот (Сл. лист ФНРЈ 98/1947 (19.XI.1947).

[25] Sl. list DFJ 98/1946 (6.XII.1946).

[26] Kidrič 1949, 493.

„со декемвриската национализација социјалистичкиот сектор на нашето стопанство постана водечки сектор во стопанскиот развиток на нашата земја. Тоа ни овозможи многу посериозно и потемелно да го развиваме планирањето во нашето стопанство и посолидно да ја организираме службата на оперативно стопанско раководство. *Тоа беше најважен услов за пристапување кон Петогодишниот план.*“[27] Во Македонија како резултат на мерките спроведувани во 1945 и 1946 година во државна сопственост преминале 96% од индустриските претпријатија, а останатите 4% кои во периодот на обновата биле под секвестар со Законот за национализација и формално биле вклучени во државниот сектор. Во државна сопственост преминала и целокупната велетрговија, а во трговијата на мало 41% била во државна сопственост додека останатиот дел бил под контрола на државата.[28]

## ПРОШИРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ СЕКТОР НА СТОПАНСТВОТО СО НАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА ИНДУСТРИЈАТА ОД ЛОКАЛНО ЗНАЧЕЊЕ

Првата фаза од создавањето на државен социјалистички сектор во стопанството, како основа на која ќе се темели моќта на партиската држава, завршила со национализацијата во 1946 година. Но со тоа не се исцрпеле плановите на партиското раководство кое настојувало систематски да го јакне и проширува социјалистичкиот сектор, со што ги зацврстувало и јакнело и сопствените позиции. Нема сомневање дека по национализацијата на крупната индустрија партискиот врв размислувал за проширување на обемот на национализација со ситната индустрија како и за постепено потполно укинување на приватната сопственост во сите области.[29] Судирот со СССР и земјите на народна демократија само ја забрзал одлуката за довршување на национализацијата со индустријата од локално значење.

Подготовките за национализација на ситната индустрија во НРМ биле вршени во тесна соработка со сојузните органи и под нивна целосна контрола. На 2 март 1948 година Претседателството на Владата на

[27] Kardelj 1949, 563-564.
[28] Колишевски 1949, 90-91.
[29] Тоа го потврдуваат повеќе истакнати партиски раководители (Кидрич, Кардељ) кои истакнуваат дека подготовките за национализација на ситната индустрија започнале уште кон крајот на 1947 година.

НРМ упатило до Одделението за законодавство и организација на државната управа при Претседателството на Владата на ФНРЈ Список на претпријатија кои доаѓаат во предвид за национализација *според нивните упатства.*[30] Списокот содржи податоци за мелници, хотели, црепани, пилани, кина и индустриски претпријатија кои доаѓаат во предвид за национализација како и појаснување на критериумите според кои биле предложени. Подоцна обемот на претпријатија кои ќе бидат национализирани бил значително проширен.

Законот за измени и дополнувања на законот за национализација на приватните стопански претпријатија бил донесен на 28 април 1948 година.[31] Со него се проширувал обемот на национализација на сите оние претпријатија кои што по својот карактер или капацитет имаат општа важност за сојузното или републичко стопанство од повеќе стопански гранки (индустрија, рударство, електростопанство, трговија, транспорт, градежништво, услужни дејности и др.). Президиумот на Народното собрание на НРМ донел Указ со кој биле прогласени претпријатијата од републичко значење.[32] Како такви биле прогласени 69 мелници, 101 хотел, 7 пилани, 3 црепани и 23 дрводелски претпријатија. Со национализацијата се планирало да бидат опфатени и 163 магацини во сопственост на приватни сопственици, поединци, роднини или акционерски друштва и 64 подруми. Законски санкционирана национализацијата требало да се спроведе на теренот во што е можно пократок временски период за и индустријата од локално значење да биде ставена на располагање на државата за остварување на проекциите зацртани во Петогодишниот план.

За спроведување на национализацијата биле задолжени народните одбори (МНО, ГНО или ОНО, во зависност од тоа на чија територија се наоѓал имотот кој се национализира), кои за својата работа одговарале директно на Претседателството на Владата на НРМ. Самата постапка на теренот се спроведувала преку превземање на национализираните добра од страна на полномошник на Владата и трочлена комисија во чиј состав влегувале претседателот на народниот одбор, член на одборот и уште едно лице. При преземање на доброто бил изработуван Записник во кој се попишувал имотот, неговите димензии, инвентар, затекнатите суровини. Комуникацијата меѓу Владата на НРМ и народните

---

[30] ДАРСМ, ф. 159,кут. 32, а.е.7. Список од Претседателството на Владата на НРМ до Претседателството на Владата на ФНРЈ.

[31] Сл. весник на НРМ 12/1948.

[32] Сл. весник на НРМ 13/1948 (15.V.1948).

одбори се остварувала преку расписи, барања во кои биле изнесувани упатства според кои требало да се одвива процесот, како и извештаи на министерствата и народните одбори за брзината со која се одвивал процесот и евентуалните проблеми кои се појавувале.[33] За пример може да го посочиме Извештајот (список) на оспособени и неоспособени национализирани хотели и ресторани во НРМ кој го доставила Управата за туризам при Министерството за трговија и снабдување до Владата на НРМ.[34] Според извештајот, биле национализирани 102 хотели, од кои 73 биле оспособени за работа, а 28 неоспособени. Со национализацијата на хотелите во приватна сопственост на малосопственици требало да се ликвидира приватната сопственост и во услужните дејности.

Со Законот за измени и дополнувања на законот за национализација на приватните стопански претпријатија од 28 април 1948 година бил проширен обемот на национализиран имот во НРМ. На основа на овој закон во Македонија биле национализирани околу: 81 мелница, 112 магацини, 102 хотели, 8 бањи, 16 печатници, 9 кина, 57 подруми, 7 пилани, 12 индустриски претпријатија, 2 рудници, 1 електична централа и 2 брода.

Процесот на национализација врз основа на законот од април 1948 година, иако со намален интезитет, продолжил и во почетокот на педесетите години. Интересот на државните органи во овој период бил насочен кон отстранување на грешките и пропустите направени при национализацијата, правно оформување на имотите како и спроведување на постапка на проценка.

---

[33] Комуникацијата меѓу Владата и околиските и градски НО особено се интензивирала во текот на август 1948 година. Извештаите на околиските и градски НО од овој период содржат податоци за текот на национализацијата, бројната состојба и видовите на национализирани имоти, за национализацијата на недвижен имот на странски државјани и за управата на национализираните објекти.

[34] ДАРСМ, ф. 159, кут.32, а.е.3.

# БИБЛИОГРАФИЈА

## ИЗВОРИ

### НЕОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

ДАРСМ, Скопје

Фонд Претседателство на Владата на НРМ

Генерален секретаријат на Претседателството на Владата на НРМ

Фонд ЦК КПМ/СКМ

Организационо-инструкторско одделение (1945-1948)

Фонд Министерство за индустрија и рударство

### ОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

Petranović, B., Štrbac, Č. , Istorija socijalisticke Jugoslavije, dokumenti, Radnička štampa, 1977.

### НОРМАТИВНИ АКТИ

Устав на ФНРЈ и Устав на НРМ од 1946 година

Закони,одлуки, решенија, упатства на органите на државна власт објавени во Службен весник на НРМ(1945-1963) и во Службен лист на ДФЈ/ФНРЈ(1945-1963)

### ЛИТЕРАТУРА

Marija Obradović, Narodna demokratija u Jugoslaviji 1945-1952, INIS, Beograd, 1995.

Борис Кидрич, „Стопанските проблеми на ФНРЈ, За карактерот на нашето стопанство“ („Комунист“ 1/1946), Култура, Скопје, 1948.

Boris Kidrič, „O izgradnji socijalističke ekonomike Federativne Narodne Republike Jugoslavije“, Petti kongres KPJ, stenografske beleške, Kultura, 1949.

Edvard Kardelj, „Borbata na KPJ za socijalistička izgradba“, Petti kongres KPJ, Kultura 1949.

Страхил Гигов, *Со сопствени сили*, Скопје, 1985.

Л. Колишевски, „Политички извештај на ЦК КПМ“, реферат одржан на Првиот конгрес на КПМ, Скопје, 1949.

### ВЕСНИЦИ (1944–1958)

Нова Македонија – Орган на Народниот фронт на Македонија.

Gordana PLETVARSKA-TRAJČEVSKA
MA in History

# NATIONALIZATION OF PRIVATE PROPERTY IN THE PEOPLE'S REPUBLIC OF MACEDONIA(1946–1948)

(summary)

The expropriation of private property in the Federal People's Republic of Yugoslavia, and within that framework also in the People's Republic of Macedonia, took place gradually in several stages depending on the maturity of the internal and external political conditions. In the first stage (until the end of 1946), expropriation was carried out through the forms of confiscation, sequestration, confiscation of war profits, punishment of speculators, enemies of the people, exchange of money.

The new (second) stage of nationalization of ownership began with the adoption of the Law on the Nationalization of private enterprises on December 5, 1946 by the National Assembly of the Federal People's Republic of Yugoslavia. The law nationalized private enterprises of national and republican significance in 42 branches of the economy. The private sector in industry of federal and republican significance, in banking, mining, traffic, and wholesale trade, was completely liquidated, while in local industry, a total of 70% and 90% of retail trade passed into state hands. It was a necessary condition for the transition to a planned economy, industrialization and electrification of the country.

In the People's Republic of Macedonia, as a result of the measures implemented in 1945 and 1946, 96% of industrial enterprises passed into state ownership, and the remaining 4% was included in the state sector with the Nationalization Law. The entire wholesale trade also became state property, and 41% of the retail trade was owned by the state. The volume of nationalization was extended to the small economy with the changes and additions to the Law on Nationalization of April 28, 1948.

The economic and political measures implemented in the period 1945-1948 were part of the tactics of the state-party leadership for the complete destruction of the bourgeoisie as a class and the complete liquidation of private property.